ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

NDI
NATIONAL
DEMOCRATIC
INSTITUTE

# Меморандум за соработка

међу

Националниот демократски институт (НДИ)

и

Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР)

05 мај 2023 година

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

NATIONAL DEMOCRATIC INSTITUTE

# Извршно резиме

Овој Меморандум за соработка (во натамошниот текст „Меморандум“) е потпишан на 05 мај 2023 година помеѓу

**НАЦИОНАЛНИОТ ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ,** ул. Димитрија Чуповски 5, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст „НДИ“)

и

**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** ул. Павел Шатев 2, Палата Емануел Чучков, Скопје, Република Северна Македонија (во натамошниот текст „ДЗР“)

(во натамошниот текст поединечно како „Страна“ и заедно „Страни“).

**ЗЕМАЈЌИ ВО ПРЕДВИД ДЕКА:**

А. Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) е непрофитна, непартиска организација, која работи за поддршка и за зацврстување на демократските институции низ целиот свет преку учество на граѓаните, отвореност и отчетност на Владата. Од 1993 година, НДИ работи во Северна Македонија со Парламентот, Владата, канцеларијата на претседателот, политичките партии и граѓанското општество и развива и спроведува иновативни, релевантни и одржливи програми кои напредуваат со партнерство и тимска работа.

Б. Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР) е независна врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која повеќе од 20 години транспарентно, навремено и објективно ја информира јавноста за наодите од спроведените ревизии. Мисијата на институцијата е навремено и објективно да информира за наодите од ревизијата до Собранието, Владата, другите јавни институции и да дава ефективни препораки за поддршка на државните институции во подобрување на управувањето со јавните средства, а со тоа да го подобрат животот на граѓаните на Република Северна Македонија.

## 2. Цели и области на соработка

Страните ги идентификуваа следните цели за соработка:

(a) зајакнување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи,

(b) зајакнување на парламентарниот надзор на користењето на јавните средства, во согласност со Меморандумот за соработка потпишан меѓу ДЗР и Собранието,

(c) зголемена ефективност на работата на ДЗР во извршувањето на редовните ревизорски функции /менаџмент, протокол, развој на меки вештини и искуства во извршните транзиции,

(d) унапредување преку дигитализацијата и воведување на иновативни алатки и софтверски решенија,

(e) подобрена транспарентност и отчетност.

Поконкретно, клучните активности предвидени како поддршка за ДЗР се следните:

(a) НДИ ќе го поддржи ДЗР преку развивање и зајакнување на соработката со други Врховни ревизорски институции особено за ревизија на успешност, ИТ ревизија и ИТ поддршка на ревизијата, улогата на ДЗР во спречувањето на корупцијата, форензичка ревизија, стратешко планирање, следење на имплементацијата на дадените препораките, пристап заснован на ризик и анализа на трошоци и придобивки во ревизијата и искуства во делот на извршни транзиции;

(b) НДИ ќе го поддржи ДЗР во делот на зајакнување на соработката со Собранието на Република Северна Македонија за разгледување на ревизорските извештаи и зајакнување на парламентарниот надзор на користењето на јавните средства, во согласност со потпишаниот Меморандумот за соработка помеѓу ДЗР и Собранието, особено во однос на:

- зајакнување на соработката со Комисијата за финансирање и буџет, Парламентарниот институт и Парламентарната буџетска канцеларија;
- дефинирање план за обука за пратениците на Комисијата за финансирање и буџет и другите пратеници кои учествуваат во работата на комисиите и на собраниската администрација за да се олесни разбирањето на ревизорските извештаи и да се подготват за дебати за ревизорските извештаи;
- организирање обуки во согласност со планот за обука за пратениците и администрацијата на Собранието за да се олесни разбирањето на

ревизорските извештаи и да се подготват за дебати за ревизорските извештаи (работилници, студии на случај, симулации на дебата).

(c) НДИ ќе ги поддржи активностите за зајакнување на соработката помеѓу ДЗР и Собранието на Република Северна Македонија со цел стекнување искуства, добри практики и позитивни ефекти од нивната соработка. НДИ ќе ги поддржи активностите за усвојување на Процедурите на ДЗР за подготовка и доставување на ревизорски извештаи и други документи до Собранието на Република Северна Македонија;

(d) НДИ ќе поддржи ДЗР активности да се обезбеди целосна функционална и финансиска независност на ДЗР во согласност со меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции. НДИ ќе ги поддржи активностите за дигитализација на работните процеси на ДЗР со користење на модерна технологија и зајакнување на капацитетите на ДЗР насочени кон подобрување на системите за управување со податоци, ефикасноста на државната ревизија, прикажување на резултатите од извршените ревизии на јасен, интерактивен и достапен начин за граѓаните и подобрување на процесот на комуникација со засегнати страни, подобрени вештини на ревизорите во ИТ, анализа на податоци, графички дизајн, анализа на податоците и data science, платформа за споделување знаење и поддршка на ИТ системот;

(e) Поддршка за зголемување на стручноста и специјализацијата на ревизорите на ДЗР.

## 3. Управување со проекти

3.1 Сите страни се обврзани да обезбедат посветени ресурси за да се поврзат меѓусебно на редовна основа (да се договори зачестеноста на исполнувањето).

3.2 Заедничката работа ќе има за цел да обезбеди реализација на заедничките активности и да управува со оперативните прашања.

3.3 Од друга страна, ДЗР ќе:

- осигура конечните ревизорски извештаи, како и збирните извештаи редовно се доставуваат до Собранието и се споделуваат со Парламентарниот институт и Парламентарната буџетска канцеларија;
- настојува да ја зајакне соработката со Собранието преку презентирање ревизорски извештаи до Собранието на пријателски начин, со примена на инфографика и ќе обезбеди обука за Собранието, вклучувајќи ја и Парламентарната буџетска канцеларија / Парламентарен институт за методологија на извршувањето на ревизија;

- редовно ќе споделува информации со Парламентарната буџетска канцеларија, Парламентарниот институт за да ги подобри своите производи/ извештаи, работата или други обврски;
- ја сподели потребната документација релевантна за задачите;
- ја поддржи имплементацијата на заедничките активности преку обезбедување на потребни насоки, информации, логистика и слично.

## 4. Евалуација

4.1 Претставници на Страните ќе се состануваат редовно за време на имплементацијата на горенаведените активности за да ја разгледаат и дискутираат реализацијата на Меморандумот и заедничките иницијативи кои произлегуваат од истиот.

## 5. Општи услови

5.1 Овој Меморандум стапува на сила кога ќе биде потпишан од двете Страни.

5.2 Секоја Страна мора да направи сè што е потребно или што разумно се бара од другата Страна за да го ефектуира овој Меморандум и активностите предвидени со овој Меморандум.

Потпишан во дупликат во два (2) оригинални текста, секој на англиски и македонски јазик, при што сите текстови се подеднакво автентични. Во случај на било каков спор во однос на одредбите од овој Меморандум, англиската верзија ќе биде обврзувачка.

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

NATIONAL
DEMOCRATIC
INSTITUTE

**Потпишан за и во име на Националниот демократски институт (НДИ):**

**Роберт Скот Хејзлет**

Виш директор во земјата

Датум: 05. мај, 2023 година

**Потпишан за и во име на Државниот завод за ревизија на Република Северна Македонија (ДЗР):**

**М-р Максим Ацевски**

Главен државен ревизор

Датум: 05. мај, 2023 година

03-633/1